ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје ▪ тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
www.filharmonija.mk

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 и 267/20), член 77-е и 77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Предлогот на комисијата за постапка за вработување за работно место Инструменталист на ударни инструменти со шифра КУЛ 03 04 А04 012 категорија ( еден извршител) националност – Албанец/ка даден на Записникот од аудиција бр.04-204/1 од 19.05.2021 година, а во врска Одлуката за распишување на јавен оглас за вработување бр. 01/2021 арх. бр. 04-115/1 од 08.04.2021 година, Јавен Оглас бр.01/2021 арх.бр.04-115/2 од 08.04.2021 година објавен во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха на ден 11.04.2021година и член 12 од Статут бр.02-126/3 од 05.03.2020 година на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, в.д Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје ја донесе следната:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 04-204/2
21.05. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ОДЛУКА**

за неизбор на работник по пат на јавен оглас бр.01/2021

1.По јавен оглас бр.01/2021, за вработување во НУ Филхармонија на Република Северна Македонија- Скопје, објавен во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха на ден 11.04.2021 година, за работно место Инструменталист на ударни инструменти со шифра КУЛ 03 04 А04 012 категорија ( еден извршител) националност – Албанец/ка, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

2.Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедена финансиска согласност за вработување бр.18-8925/2 од 31.12.2020 година, НУ Филхармонија на Република Северна Македонија- Скопје на 11.04.2021 година објави јавен оглас во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“, за вработување на ( еден извршител) националност – Албанец/ка за работно место Инструменталист на ударни инструменти со шифра КУЛ 03 04 А04 012 категорија – А даватели на услуги од областа на културата, ниво А4.

На ден 26.04.2021 година, со Решението бр.04-146/1, в.д Директорот формира комисија за постапка за вработување на работното место Инструменталист на ударни инструменти со шифра КУЛ 03 04 А04 012.
На огласот објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“на 11.04.2021 година се пријавија 8 (осум) кандидати.
На ден 28.04.2021 година, комисијата утврди на Записник бр.04-158/1 дека 2(два) кандидати не ја поминаа административната селекција и истите уредно беа известени.
Останатите 6(шест) кандидатити кои ја поминаа административната селекција, беа повикани на аудицијата закажана за 16.05.2021 година.

ФИЛХАРМОНИЈА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје ▪ тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk
www.filharmonija.mk

Комисијата за спроведување на постапката за вработување, во прилог на Записникот бр. 04-204/1 од 19.05.2021 година по одржаната аудиција за проверка на уметничките способности на кандидатите на в.д Дирекоторот му даде предлог да не изврши избор за работното место Инструменталист на ударни инструменти со шифра КУЛ 03 04 А04 012 категорија - А даватели на услуги од областа на културата, ниво А4.

Од се погоре изнесеното, в.д Директорот на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Управниот одбор на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, во рок од 8 дена по приемот.

**Доставено до:**
-кандидати
-човечки ресурси
-Огласна табла
-Веб страна
-Архива

**НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје**
в.д Директор
Тина Иванова Бејков